Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија Скопје
Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut Shkup

Број / Numër 03 - 194/2
10.03. 2022 год./vit.

**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите во 2021 година**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Маја Петрова, Координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 2021 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 10.03.2022 година |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, 10.03.2022 година**

**в.д.Директор**
**Хајрула Мисини**
**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

________________________

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)**

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**
- А) Позитивни
- Б) Охрабрувачки
- В) Програмски

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

Со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.12 од 18 јануари 2021 година), предвидени беа 14 мерки и програмски активности кои имаат за цел промоција и поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, самовработување на невработените лица,

менторирање на малите и средните претпријатија, зголемување на конкурентноста на постојните претпријатија и генерирање на нови работни места. За реализацијата на програмските активности Агенцијата поднесе годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.Со програмските активности се опфатени повеќе целни групи, како што се невработените лица, малите и средните претпријатија, потенцијалните претприемачи, старт ап фирми, студенти и ученици, локални консултанти, жени претприемачи и други.Во следните програмски активности во 2021 година воведена е родово разделена статистика:

**1.Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2021 на МТСП**

**Изработени бизнис планови**

| | | |
|---|---|---|
| Жени | 814 | 47% |
| Мажи | 933 | 53% |
| ВКУПНО | 1747 | |

**Регистрирани фирми**

| | | |
|---|---|---|
| Жени | 654 | 42% |
| Мажи | 899 | 58% |
| ВКУПНО | 1553 | |

**2.Ваучерски систем на советување**

Од вкупно 48 ваучери 21% се издадени на жени а 79% на мажи:

| Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|
| 38 | 10 | 48 |

Две фирми управувани од жени од Охрид и Скопје земале ваучери за:
1) Деловно планирање и 2) Подготовка за ИСО 9001
Односно од издадени ваучери за управители на МСП 5% се издадени на жени, а 95% на мажи.
Од издадени ваучери за самовработување 20% се издадени на мажи, а 80% на жени или:
ВСС и Самовработување

| Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|
| 2 | 8 | 10 |

**3.Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги**

-Програмската активност воспоставување на стандардизирани менторски услуги се реализира во рамките на регионалниот проект „Воспоставување и промоција на менторските услуги за МСП во Западен Балкан", поддржан од Јапонската Агенција за Меѓународна Соработка – JICA. Покрај АППРСМ партнери во Проектот се Агенциите надлежни за поддршка на развојот на МСП од Србија – регионален лидер, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Во 2021 година заради ситуацијата со Ковид 19 не се организираа обуки за нови ментори и за реализација на програмската активност се ангажираа постојните обучени ментори во претходните години. За реализацијата на оваа програмска активност во 2021 година од вкупно ангажирани 15 ментори, 9 ментори се жени, а 6 ментори се мажи.По спроведеното менторирање вкупно се менторирани 54 претпријатија од кои 13 претпријатија чии сопственици се жени, а 41 претпријатие чии сопственици се мажи.

**4.Обуки за подготовка на бизнис план**

- Главна цел на обуките на АППРСМ за подготовка на бизнис план е младите луѓе ( студентите и средношколците ) да се да се мотивираат да почнат сопствен бизнис, да се стекнат со претприемачки вештини како и да знаат самостојно да изработат бизнис план. На обуките им беа презентирани бизнис модели на денешницата како и можностите за финансирање во нашата држава.

Обуките беа реализирани во Охрид СОУ „Кирил и Методиј" на 7 септември, во Прилеп средно економско училиште „Кузман Јосифовски Питу" на 10 септември, Скопје, на Универзитетот Американ Колеџ Скопје на 12ти септември 2021 г., во Радовиш СОУ „Коста Сусинов" на 13 септември, во Гостивар во средните училишта „Гостивар" и „Гимназија" на 15ти септември, во Дебар СОУ „28 Ноември" на 17ти септември, во Куманово во СОУ „Перо Наков" на 21 септември, и во Кичево во СОУ „Мирко Милески" на 22 септември 2021 година.

На обуките земаа учество 209 слушатели од Скопје, Прилеп, Куманово, Гостивар, Кичево, Радовиш, Дебар и Охрид. Меѓу кои 13% беа жители на градот Скопје, 15% од присутните беа жители од градот

Прилеп, 5% од Куманово, 17% од Гостивар, 13% од Кичево, 13% од Радовиш, 12% од Дебар и 15% од Охрид. Родовата структура броеше 62% жени и 38% мажи.

**5. Обуки за претприемачко образование**

- Главна цел на обуките на АППРСМ за претприемачко образование на млади лица беше да се мотивираат слушателите да отворат сопствен бизнис преку примери од реалниот сектор во Република Северна Македонија, да стекнат почетни претприемачки вештини и знаења како и да ја зголемат свеста за достапните Владини програми за финансирање и техничка поддршка во фазите на ран развој на бизнисот.

Обуките беа реализирани во Скопје, на 6ти септември, СОО „Ѓорче Петров", Крива Паланка, 9ти септември на „Универзитетот Америка Колеџ Скопје", на 9ти септември, „Младински центар Лоја", и на 10 септември 2021 г., СОУ „Кузман Јосифовски – Питу", Прилеп.

На обуките земаа учество 102 слушатели од Скопје, Прилеп, Крива Паланка и Тетово. Меѓу кои 24% беа жители на градот Скопје, 25% од присутните беа жители од градот Прилеп, 29% од Крива Паланка и 22% од Тетово. Родовата структура броеше 34% мажи и 67% жени.

**6. Обуки за локални консултанти**

Реализирани беа (3) три обуки за локални консултанти со цел нивно здобивање на дополнителни знаења и вештини, со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар, согласно досегашните анализи за потребите од обуки кај малите и средните претпријатија изработени во регионов и во земјата

Обуките беа реализираа во Охрид на 7 септември 2021 г. во ресторанот Кај Каневче на отворено, Скопје на 9 септември 2021 г. во тренинг центарот на МАЦЕФ, Прилеп на 10 септември во Музејот на Град Прилеп. Обуката ја следеа 79 слушатели, од кои 43 жени и 36 мажи, односно 54 % жени и 46% мажи.

**7. Обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис**

-Главна цел на обуката беше слушателите да го зболатат своето знаење во доменот на новите трендови од областа на претприемништвото, социјалното претприемништво, социјални иновации, зелено претприемништво како и запознавање со концептот на Целите за одржлив развој на ОН. Понатаму, да се запознаат со новите методи на социјалното претприемачко учење со цел поттикнување на младите да отвораат сопствени бизниси кои ќе решат некој проблем во поширокото опкружување.

Обуките беа реализирани во Кочани, гимназија „Љупчо Сантов" – 1 јули 2021 г., Велес, гимназија „Кочо Рацин" – 2 јули 2021 г., Скопје, Универзитет Американ колеџ Скопје - 8 јули 2021 г. и Битола – 9ти јули 2021 г. во гимназијата „Јосип Броз Тито".

На обуките земаа учество 104 слушатели од Штип, Кочани, Виница, Битола, Прилеп, Куманово, Кавадарци, Велес, Гостивар, Скопје, Крива Паланка и Неготино. Меѓу кои 92% професори од средно образование, 3% од основно образование и 5% наставен кадар од високо образование. Родовата структура броеше 76% женски и 24% машки лица.

**8. Обуки за зголемување на конкурентноста на МСП**

-Главна цел на обуките беа мали и средни претпријатија во угостителската дејност, како најпогодени за време на кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19, со цел да го зболатат своето знаење за комуникациски вештини. Обуките беа реализирани во Хотел Амбасадор, Скопје (10 ноември 2021 година), Хотел Фени, Кавадарци (11 ноември 2021 година), Хотел Гратче, Кочани (12 ноември 2021 година) и Комплекс хотели Бистра, Тетово/ Маврово и Ростуше (15 ноември година).

На обуките земаа учество 102 слушатели од 12 угостителски капацитети лоцирани во околината на Скопје, Тетово, Кочани и Кавадарци. Родовата структура броеше 35% женски и 65% машки лица.

**9. Обуки за промоција на социјалното претприемништво**

Главна цел на Обуката е кај слушателите да се подигне свеста за спроведување на општествено одговорни практики и покажување на интерес за подобро функционирање во насока на општествената одговорност, како и понатамошна промоција на концептот за социјално претприемништво.

Обуките беа реализирани во Велес, гимназија „Кочо Рацин " и во Куманово, СОУ „Перо Наков " во септември 2021 година.

На обуките земаа учество 47 слушатели од Велес и Куманово. Меѓу кои 81% беа жители на градот Велес, а 19% од присутните беа жители од градот Куманово. Родовата структура броеше 55% мажи и 45% жени.

**10.Обуки за женско претприемништво**

-Главна цел на овие две обуки беше да се постигне широка информираност кај жените за претприемачите намери и вештини, како и за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво, согласно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во

Република Северна Македонија 2019-2023 година.Едната обука се реализираше во градот Штип во (во аулата на Драмскиот театар Штип), а другата обука се реализираше во градот Охрид (во ресторанот Кај Канвече) во месец септември 2021 година..

На обуките земаа учество 41 слушателки од Штип и Охрид. Меѓу кои 27% активистки од здруженија на млади, 24% студенти, 20% средношколци, 17% вработени и 12% сопственички на бизниси. Родовата структура броеше 100% женски

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2020-2022 година се предвидени аутпут индикатори и тоа:

- воведена родово разделена статистика на корисниците на ваучерскиот систем на советување
- Најмалку 6 ваучери издадени за жени корисници на ваучерскиот систем на советување од вкупно 30-40 реализирани ваучери.
- Воведена родово разделена статистика за менторите и корисниците на стандардизираните менторски услуги
- Најмалку 4 обучени жени ментори и најмалку 6 менторирани мали и средни претпријатија управувани од жени претприемачи
- Воведена родоворазделена статистика на учесниците на обуките за поддршка на женското претприемништво.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

-Годишен Извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**

Со буџетската изјава за периодот 2020-2022 година, АППРСМ го инкорпорираше принципот на еднакви можности во програмските активности:

- Зголемен број на жени корисници на ваучерскиот систем на советување.
- Зголемен број на обучени жени ментори и менторирани МСП управувани од жени
- Унапредување на системот за прибирање податоци со родово разделени податоци.
- Подобрена промоција преку обуките за поддршка на женското претприемништво

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година на АППРСМ, во делот на програмската активност Поддршка за самовработување (претприемништво), предвидена е стимулативна мерка за жените, односно дека при поддршката на невработените лица, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност при што најмалку 1.500.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

Во програмската активност ваучерски систем на советување предвидена е стимулативна мерка за жените претприемачи со тоа што При поддршката на потенцијалните претприемачи и активните мали и средни претпријатија, особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 150.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.
Во делот на програмската активност промоција на стандардизирани менторски услуги за мали и средни претпријатија која се реализира во рамките на регионалниот проект "Воспоставување и промоција на стандардизирани менторски услуги за мали и средни претпријатија во Западен Балкан" фаза 2, поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), при поддршката на активните мали и средни претпријатија, предвидено е дека особено внимание ќе се обрне на зголемено учество на жените во оваа програмска активност, при што најмалку 220.000,00 денари од предвидените ќе се наменат за поддршка на жени претприемачи.
Во рамките на програмската активност - Поддршка за женско претприемништво организирани се две обуки за жени претприемачи ( со вкупен опфат на 40 учесници – жени претприемачи) за веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи. Целта на овие обуки е да се обезбеди широка информираност на жените претприемачи за инструментите за финансиска поддршка на женско претприемништво, согласно Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Македонија 2019-2023 година.За реализација на оваа програмска активност предвидени се 150.000,00 денари наменети за обуки на жени.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор) Индикатор:**
Предвидени индикатори со буџетската изјава 2020-2022 ( наведени во точка 2.3 од овој извештај)

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:** Во 2021 година воведени се и родово разделени статистики во 10 програмски активности од вкупно 14, колку што се предвидени со годишната програма на АППРСМ.Подетално наведени во точка 2.2 од овој извештај.

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
Учество на повеќе настани и работилници во организација на невладините женски организации во Република Северна Македонија, потпишани Меморандуми за соработка со невладини организации.
Во својата годишна програма АППРСМ предвиде и кофинансирање на национален натпревар на средношколци од земјава, кој се одржа последна недела од месец мај 2021, во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамките на "Програмата за претприемничко образование-ученичка компанија", и церемонија за прогласување на победници, со учество и поддршка на претставници од бизнис секторот, невладини организации, донатори и АППРСМ.
Официјалното отворање на националниот натпревар, како онлајн настан, се реализираше на 10ти мај кога сите учесници ги добија потребните информации, насоки и рокови.По доставувањето на компанискиот извештај, линкот до нивната фејсбук страна, промотивното видео и ПП презентација, сите ученици имаа шанса да ја претставaт својата компанија пред жири комисијата.За да се обезбеди најдобар квалитет и техничка подготовка за завршните интервјуа со жири комисијата, на 11ти и 12ти мај со секој тим се одржаа одделни подготвителни сесии. На овој начин учениците имаа можност и да дискутираат за насоките за секој чекор од натпреварот и да поставуваат прашања. Воедно беа и охрабрени да продолжат со своите успешни активности и да работат како тим, креативно и иновативно.Онлајн интервјуата со членовите на жири комисијата се одвиваа во периодот од 15ти до 17ти мај, во вид на конференциски повик на платформата MS Teams. Секој тим имаше задача да ја претстави својата идеја и потоа да одговори на поставените прашања во назначената временска рамка на повикот.Тимот на ЏА Македонија даваше техничка поддршка на подготвителните сесии, интервјуата и сесиите со жири комисијата.Победничките тимови беа селектирани преку вкупниот број освоени бодови, доделени од членовите на жири комисијата.
Свечената церемонија за доделување на наградите се одржа на 31ви мај 2021 година, која е достапна на

Јутуб каналот на ЏА Македонија на следниот јуниорски достигнувања, на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=k5YYoV2yMhw&ab_channel=JuniorAchievementMacedonia.

Промоција за поддршката од АППРСМ беше направена во сите фази од натпреварот, како Агенција која дава пример за вложување во едукацијата на младите со цел за нивно задржување во земјата и дава придонес во претприемачкото образование за добивање поквалитетен стручен кадар, финансиски описменети млади кои ќе стартуваат свој бизнис. Преку поддршката од Агенцијата на овој начин ќе се зајакне претприемничкиот дух со што би се поттикнал и овозможил развој на претприемничките способности кај младите.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**

Не

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)** – наведени во точка 2.2 од овој извештај

*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.-** наведени во точка 2.2 од овој извештај

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за родова еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности** – реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото , конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2021 година.
**в) Индикатори за мерење успешност –**
Во имплементацијата на Програмата за 2021 година се продолжува со интегрирање на родовиот концепт, со тоа што со родово буџетската изјава 2016-2019 година беше вклучена само програмската активност – Ваучерски систем на советување, а со родово буџетската изјава 2020-2022 година покрај оваа програмска активност ќе бидат застапени и следните програмски активности :
1.Ваучерски систем на советување
2.Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги
3.Обуки за поддршка на женско претприемништво
Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2020-2022 година се предвидени аутпут индикатори и тоа:
-воведена родово разделена статистика на корисниците на ваучерскиот систем на советување
-Најмалку 6 ваучери издадени за жени корисници на ваучерскиот систем на советување од вкупо 30-40 реализирани ваучери.
-Воведена родово разделена статистика за менторите и корисниците на стандардизираните менторски услуги
-Најмалку 4 обучени жени ментори и најмалку 6 менторирани мали и средни претпријатија управувани од жени претприемачи
-Воведена родоворазделена статистика на учесниците на обуките за поддршка на женското претприемништво.
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства со Буџетот на АППРСМ од вкупно средства 20.800.000,00 денари потрошени за жени во 2021 година се 10.623.110,00 денари.**
1. Од вкупно 1747 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 814 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 47% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства за жени се **9.116.800,00 денари**.
2.Во ваучерскиот систем на советување од вкупно реализирани 48 ваучери, 38 ваучери се за мажи, а 10 за жени или 21% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства се **185.832,00 денари,**3. Во однос на обуките за женско претприемништво реализирани се 2 обуки за 41 жени и потрошени се вкупно **139.000,00 денари,**4.Во рамките на програмската активност за стандардизирани менторски услуги потрошени средства за менторирање на 13 претријатија се **485.000,00 денари**.
5. Обуки за подготовка на бизнис план-**142.600,00 денари,**6. Обуки за претприемачко образование -**127.300,00 денари,**7. Обуки за локални консултанти-**102.060,00 денари,**8. Обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис -**182.400,00 денари,**
9. Обуки за зголемување на конкурентноста на МСП- **66.500,00 денари,**10. Обуки за промоција на социјалното претприемништво-**76.450,00 денари.**

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**
Да, со генерална одредба за координаторот за еднакви можности.

5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано? Дали тие во обуките се јавиле како: Обуки за женско претприемништво и други обуки и работилници
а) слушатели б) обучувачи

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн.) имаат посетено: а) координатор за еднакви можности -Обуки за родово буџетирање и обуки за женско претприемништво** б) заменик координатор за еднакви можности -**Обуки за родово буџетирање и обуки за женско претприемништво**

**5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**
**Ве молиме опишете :** Знаењата се пренесени на сите вработени во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на редовните состаноци-колегиуми

**6.ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:**

**6.1.Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале.**

И покрај ситуацијата предизвикана од пандемијата со вирусот ковид 19 Агенцијата успешно ги реализираше сите предвидени програмски активности, со исклучок на промотивните активности. Промоцијата ја реализираше преку социјалните медиуми.Предвидените обуки со Програмата се реализираа откако од страна на Владата на Република Северна Македонија беа објавени протоколи за реализација на обуки со физичко присуство.

**6.2.Споделете пример за добра или лоша пракса**

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

7. **СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:**

*7.1.* **Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

1.Имплементација на обврските преземени со буџетската изјава за периодот 2020-2022 година

*8.* **ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:**

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**